ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА

VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп

Бр. 02-2890/1

09.04. 2015 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 383 став 3, член 395 став 4 и член 407 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година** на својата седница одржана на **09.04.2015 година,** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за избор на Претседавач, определување на начин на броење на гласови и определување на записничар за работата на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година**

1. За Претседавач на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година, кое се одржува на ден 09.04.2015 година, се именува **Г-га Татјана Димов.**
2. Претседавачот на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година ги има правата и обврските согласно Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи и подзаконски акти, како и Статутот на Друштвото,
3. Мандатот на Претседавачот трае до изборот на претседвач на наредното собрание кое треба да биде одржано.
4. Броењето на гласови по точките од дневниот ред утврден со Јавниот повик за свикување на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година ќе се остварува преку посебен оперативен компјутерски систем од страна на Секторот за информатичка технологија на Друштвото.
5. Записникот за работа на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година ќе го води **Нотар Мери Весова**.
6. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.
7. Оваа Одлука ќе се објави на официјаланата интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на Република Македонија.
9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**Татјана Димов**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk
www.insumak.mk

**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**
ЕМБС: 4067037 Основна главнина: 14.409.474,26 Евра Одобрение од Министерство за финансии: Решение Бр. 11-29233/2 од 05.04.2005 година
Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје- Виена Иншуренс Груп е запишано во регистарот на осигурителни друштва кој го води АСО.

Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2014 година**, на својата седница одржана на **09.04.2015 година**, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи, Годишниот извештај за работата за деловната 2014 година**

1. Се усвојува **Годишната сметка на Друштвото за деловната 2014 година** и се утврдува дека на основа на Билансот на сеопфатна добивка со Годишната сметка на Друштвото, во деловната 2014 година се остварени следните финансиски резултати:

| **1.За неживотно осигурување** | **МКД** |
|---|---|
| – вкупно приходи | **878,736,260** |
| – вкупно расходи | **780,459,655** |
| – добивка пред оданочување | **98,276,605** |
| **2.За животно осигурување** | **МКД** |
| – вкупно приходи | **4,107,126** |
| – вкупно расходи | **3,726,979** |
| – добивка пред оданочување | **380,147** |

2. Во осигурување неживот, по пресметаниот данок на добивка за деловната 2014 година, утврдено е:

| | **МКД** |
|---|---|
| – **Данок на добивка** | **10,605,151** |
| – **Вкупна добивка по оданочување** | **87,671,454** |

3. Во осигурување живот, по пресметаниот данок на добивка за деловната 2014 година, утврдено е:

| | **МКД** |
|---|---|
| – **Данок на добивка,** | **38,015** |
| – **вкупна добивка по оданочување** | **342,132** |

4. Годишната сметка е изготвена согласно Меѓународните сметководствени стандарди, Правилникот за водење на сметководство, како и Упатството за примена на истиот.

5. Се усвојува **Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2014 година**, во текст и содржина, кој е составен дел на оваа Одлука.

6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија.

8. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

**Татјана Димов**